Tigo.mk

Финансиско друштво ФИНМАК е современа компанија која применува иновативна и модерна технологија, посветена на корисниците. Со своите два бренда, Tigo.mk и Bongo, Финмак обезбедува високи етички и професионални стандарди и култура каде клиентот е секогаш во главниот фокус.

Нашиот тим се состои од професионалци од областа на финансии, грижа за корисници и ИТ. Поради брз раст на компанијата, повикуваме амбициозни лица да аплицираат на позицијата:

# Директор за усогласеност со прописи, спречување перење пари и финансирање тероризам

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

**Усогласеност со прописи:**

- Предвидува, идентификува, следи, ажурира и известува за ризикот од (не) усогласеност на компанијата;
- Воспоставување, ажурирање и спроведување на политиките, процедурите и внатрешни контроли за усогласеност;
- Следење на правната регулатива и соодветно ажурирање на политиките согласно промените во регулативата;
- Обезбедува и врши обука за усогласеност на сите оддели;
- Креира и одржува усогласеност и култура на корпоративно управување во компанијата;
- Учествува и спроведува Процес на одобрување на нов производ;
- Спроведува и одржува програми за следење на усогласеноста за идентификување и справување со ризиците;
- Спроведува проценка на ризикот од неусогласеност, препорачува стратегии и превзема активности за отстранување на неусогласеностите;
- Води евиденција за прекршувања на усогласеноста и препорачува корективни активности.

**Спречување перење пари и финансирање тероризам:**

- Се грижи за спроведување на законот и други финансиски прописи од областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам;
- Предлага политики и процедури и нивна ревизија во областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам;
- Комуницира со управата за финансиско разузнавање;
- Комуницира со кореспондентни финансиски компании од областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам;
- Проверува и верификува извештаи од областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам;
- Анализира и следи одредени клиенти и трансакции и подготвува извештаи за истите;
- Подготвува план и материјали за обука на вработените во областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам и спроведува обука;
- Подготовка и редовно ажурирање на проценка на ризик за перење пари и финансирање тероризам;
- Подготовка и имплементација на Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам;
- Преглед и ажурирање на рамката за внатрешна контрола, вклучувајќи анализи на клиентите, сомнителни активности и следење на сомнителни трансакции;
- Известување и доставување на податоци, информации и документација до Управата согласно одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на него;
- Врши внатрешна контрола врз спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање тероризам најмалку еднаш годишно во тековната година за претходната година и подготвува документација за констатираните наоди од спроведената контрола;
- Контрола на вработените и активностите во делот на спречување перење пари и финансирање тероризам;
- Подготвува извештаи од областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам како и усогласеност со прописи за извршниот директор/оперативниот директор и на ниво на групација.

Tigo.mk

## УСЛОВИ ОД КОМПАНИЈАТА

- Дел од менаџмент тимот на компанијата
- Пристап до современа и најнова технологија
- Атрактивен пакет на бонуси
- Приватно осигурување
- Можност за кариерен напредок и професионален раст
- Динамични работни услови во брзорастечка финтек компанија

## ПОТРЕБНИ ВЕШТИНИ И КВАЛИФИКАЦИИ

- Минимум 3 години искуство во областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам како и усогласеност со прописи
- Силно познавање на регулативата
- Аналитички вештини и способност за подготовка на јасни и концизни извештаи
- Одлични комуникациски и интерперсонални вештини
- Способност за стратешко размислување и проактивно идентификување на можни ризици
- Изразени организациски и лидерски вештини



Доколку сметате дека сте вистински кандидат, Ве молиме испратете Ваша биографија преку полето **Аплицирај**

Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите во Законот за работните односи. ФИНМАК ДОО го задржува правото да не избере ниту еден кандидат.

Со аплицирање, кандидатот изјавува дека е согласен неговите лични податоци наведени во прикачените документи да бидат собрани и обработувани од ФИНМАК ДОО, во согласност со Законот за заштита на лични податоци. Кандидатот изјавува дека е запознаен дека неговите лични податоци се собираат и обработуваат со цел избор на кандидат за позицијата за која аплицира. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци.

Финансиско друштво ФИНМАК.